АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 08. 06. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2819 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2017 до 31.12 2017 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 08.06.2018 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 91 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Радиодифузерите кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво се должни од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години.);
- **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, направен врз основа на податоците доставени од радиодифузерот, **не е констатирано прекршување на обврските од член 91 став 2 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Според доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш број 03-1720/1 од 02.04.2018 година, 03-1720/2 од 04.06.2018 година и 03-1720/3 од 07.06.2018 година), Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, од буџетот наменет за програми во 2017 година, издвоило **10%** за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

Сите од европските аудиовизуелни дела од независни продуценти наведени во податоците доставени од радиодифузерот се произведени во последните пет години.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***